Радко НАЧЕВСКИ

# ЕКОНОМСКАТА ДИМЕНЗИЈА НА СТРАТЕГИСКИОТ КОНТЕКСТ „*ГЛОБАЛИЗАЦИЈА*"

## *ВОВЕД*

Крајот на студената војна го означи почетокот на големите фундаментални промени на планетарниот стратегиски амбиент. Во новиот однос на силите забележителни се две јасно издиференцирани но и спротиставени глобални стратегиски контекста, со прецизно дефинирани цели и соодветни сили и средства (политички, економски и воени) што треба да овозможат нивна глобална реализација.

На една страна е стратегискиот контекст на големите сили на капитал-системот, предводени од Соединетите Американски Држави како единствена светска супермоќна држава, со крајна цел: *глобализација* (мундијализација) или униполаризација на планетарниот простор. На друга страна е стратегискиот контекст кој го протежираат Русија и Кина со крајна цел: *мултиполаризација* на планетарниот простор, односно свет со повеќе полови или центри на моќ кои меѓусебните односи би ги темелеле на партнерски основи, насловувајќи го стратегискиот пристап како *„стратегиско партнерство"*.[1]

Во актуелниот глобален стратегиски амбиент (меѓустратегиска борба) евидентна е доминацијата и ширењето на капитал-системот. Од тој аспект, најевидентни и најимпресивни, истовремено и најмоќни фундаменти на *глобализацијата*, покрај политичките и воените, се **мегаинтегративните состојби и процеси** во **економската, научно-технолошката и финансиската сфера,** бидејќи тие се пенетрираат како парадигми на процесот на настанувањето на новиот економски поредок. Развојот на глобалната светска економија го диктираат законитостите на пазарната економија.

---

[1] Поопширно за „*глобализацијата*" и „*стратегиското партнерство*" види во Нацев, З. и Начевски, Р., „Војна, мир и безбедност", Македонска ризница, 2000, стр. 143-211.

## *ФУНДАМЕНТИ И ПЕРСПЕКТИВИ*

### 1. *Мегапросторно економско интегрирање*

Трите регионални економски интеграции НАФТА, АПЕК и ЕУ, претставуваат три глобални економски фундаменти на незапирливиот процес на економската глобализација на планетарниот простор. Освен економската, тие имаат и **политичка интегративна конотација**, затоа што земјите кои партиципираат во регионалните економски интеграции, во асоцијативниот процес кон рамноправно членство, покрај основниот критериум за реформирање на нивните економии врз пазарните законитости, се обусловени и со спроведување на соодветни политички реформи што се темелат на принципите на либералната демократија. Оттука, регионалното економско интегрирање е во функција на ширење и на политичката димензија на капиталсистемот на тие простори.

Бидејќи трите регионални економски интеграции, од организациски и функционален аспект, се засновуваат на исти законитости на развојот, темелните анализи на актуелните состојби и процеси во нив укажуваат на фактот дека тие не се далеку, најверојатно во првите децении од 21 век, меѓусебно да се интегрираат, прераснувајќи во **мегацентар** на светската економска и политичка моќ на капиталсистемот. Од глобален стратегиски аспект, таквото проспективно видување тргнува од фактот: *имајќи ги предвид процесите на развојот на ЕУ, како најразвиена регионална економска интеграција со федералистички систем на уредување (политички, економско-социјален и одбранбен), по уредувањето на односите меѓу партиципиентите во НАФТА и АПЕК, по угледот на ЕУ, постојат реални предуслови за меѓусебно интегрирање, (во овој момент одвоени економски интеграции), ЕУ, НАФТА и АПЕК а со тоа и нивно прераснување во единствена мегапросторна економска интеграција со федералистички уредени односи меѓу овие три мега екононмски конгломерации, што наедно е и стратегиска цел на капитал-системот -* ***глобализација*** *на планетарниот простор.*

Од глобален аспект, состојбите, процесите и промените во мегаекономските интеграции НАФТА, АПЕК и ЕУ се следниве:

* **НАФТА** („North American Free Agreement") - „Северноамерикански договор за слободна трговија", потпишан помеѓу САД, Канада и Мексико. На сила стапил на 1 јануари 1993 година.

Со договорот за создавање на слободен трговски простор, првично, предвидено е укинување на повеќе од половината царински бариери меѓу договорените земји. Така, само меѓу САД и Мексико од 9000-те стоки што се разменуваат, 4500 слободно ќе циркулираат низ овој огромен пазар на 360 милиони потрошувачи.

* **АПЕК** („Asia - Pacific Economik Cooperation") - „Азиско-пацифичка економска соработка". Замислената идеја од 1989 година за регионално економско поврзување на земјите од Источен и Западен Пацифик, на иницијатива на американскиот претседател Б. Клинтон, по конституирањето на АПЕК во ноември 1993 година во Сиетл, стана реалност.

За какво економско поврзување станува збор говорат следните податоци:

- АПЕК го сочинуваат 21 земја членки[2], кои формираат пазарен простор со над 2,2 милијарди луѓе што е повеќе од 40% од вкупното светско население;

- на огромниот економски простор се остварува најголемиот бруто национален доход на планетарниот простор кој изнесува околу 22 трилиони долари[3];

- државите на АПЕК остваруваат трговска стоковна размена во вредност од 5,2 трилиони долари или преку 55% од вкупната светска трговија и

- во економскиот простор на АПЕК меѓусебно се поврзани земји со различни политички уредувања, што го потврдува фактот дека економскиот столб на стратегискиот глобален контекст на *глобализацијата* не само што се пенетрира како негова најмоќна сила и средство, туку тој поприма карактер и на моќно средство со политичка конотација.

---

[2] Земји членки: Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонгконг, Индонезија, Јапонија, Малезија, Мексико, Нов Зеланд, Папуа Нова Гвинеја, Перу, Филипини, Русија, Сингапур, Ј. Кореја, Тајван, Тајланд, САД и Виетнам.

[3] ТАНЈУГ, 14 септември 1999.

На тој план, на самитот на АПЕК одржан во Окланд во септември 1999 година, биле потенцирани стратегијата и перспективите на идниот развој. Како стратегиски фундаменти биле детерминирани: приврзаноста кон „отворениот регионализам“, градење на мултилатерален трговски систем, до 2010 година да се воспостави целосна *либерализација* на трговските односи помеѓу развиените членови, а до 2020 година во такви односи да стапат и сите останати членови и се заложиле да се забрзаат преговорите за прием на нови членови во Светската трговска организација.

* **Е.У.,** не само што претставува најсовршена форма на изградена *мега просторна економска интеграција,* туку таа е и основен столб и модел на капитал-системот, на неговата економска димензија како глобален сегмент на стратегијата за *глобализација* на планетарниот простор.

Тоа го потврдуваат следните неколку репрезентни состојби и процеси:

- Е.У. - *промотор* на економско просторно (планетарно) интегрирање. Нормативата на новиот европски стратегиски пристап во градењето на партнерски односи со други економски конгломерации била утврдена во ноември 1998 година кога бил донесен планот на акција за **Економско партнерство преку Атлантикот** (ТЕП). Дека партнерството е воспоставено во функционална и организациска состојба потврдува следната фактографија:

1. Во ноември 1998 година се воспоставени нови релации во односите Е.У. - САД. Со новиот план, Европската комисија може со Вашингтон да поведе расправа за сите отворени комерцијални проблеми помеѓу двете страни како што се: трансатлантската трговија, услугите, пазарот и интелектуалната сопственост. Значењето на поврзувањето на двата центра на светската економска моќ произлегува од големината на овие два економски центра во интегрирана економска зона на целосно либерализирани економски односи, што се гледа од дадениот табеларен приказ.

Економско поврзување САД - Е.У.[4]

| | САД | ЕУ |
|---|---|---|
| Население | 270 милиони | 374 милиони |
| Богатство (Светски БНП) | 19,6% | 23% |
| Раст (промена во % на БНП во 1998 во однос на 1997) | +3,9% | +2,8% |
| Инфлација | 1% | 1,8% |
| Просечен приход (во евра, год.) | 25.192 | 17.439 |
| Невработеност | 4,5% | 10,5% |

2. Воспоставување на Евро-латиноамериканска зона на слободна трговија. Е.У. и МЕРКОСУР, (економска асоцијација на Латинска Америка) на самитот на 48 земји одржан во Рио де Жанеиро во јуни 1999 година, воспостави нови односи во либерализацијата на трговијата и на планот на мирот и развојот на демократијата. Новиот план на односи е содржан во 54 точки. Интерконтиненталното поврзување ќе започне од јули 2001 година со дефинирање на деталите во преговорите кои треба да завршат за три години. Самитот е оценет како историски настан во создавањето на нови слободни трговско-економски зони, затворање на моќен економски планетарен триаголник Е.У., - НАФТА - МЕРКОСУР. Според искажувањата на германскиот канцелар Шредер на самитот во Рио, „слободната трговија и другите економски бенефиции од континенталното поврзување мора да бидат засновани и на поблиска политичка соработка“, потенцирајќи ја Е.У. како модел на таквата соработка.

[4] Извор: АФП - Политика, 14.06.1999.

Економско поврзување Латинска Америка - Е.У.[5]

| | Л. Америка | ЕУ |
|---|---|---|
| Површина (мил. км$^2$) | 20.069 | 3.244 |
| Население (мил. 1998) | 482 | 374 |
| БНП (млрд. $) | 1,8 (1996) | 7,5 (1998) |
| Извоз (млрд. $) | 42,2 (во ЕУ) | 52,6 (во Л.А.) |
| Инфлација | 10,2% | 1% |
| Просечен доход | 3.025 $ | 18.971 $ |

- Е.У. - *единствен монетарен простор* (Евроленд) како пример на историски исчекор во новиот начин на цивилизациското живеење.

Монетарното обединување на партиципиентите во Е.У. претставува почеток на практична реализација на стратегијата на *глобализација* на планетарниот простор.[6] Иако оптекот на евро валутата во банкноти и метални пари ќе започне од 1.01.2002 година, датумот на започнувањето на функционирањето на Европската монетарна унија или Евроленд, 1.01.1999 година, е оценет како почеток на нова фаза во развојот на цивилизацијата. Со монетарното обединување, Европа отвори нова страница на сопствената историја. Ако целиот 19 и првата половина на 20 век беа векови на крвави војни и револуции, со цел за прв пат во историјата да се оствари принципот на еманципација на нациите и на националното самопотврдување, на просторите на Евролендот, како интегриран простор на слободен проток и поврзување на луѓе, идеи, стока, капитал и култури, еднаш за секогаш меѓу интегрираните субјекти се закопуваат воените секири како инструменти на европското крвопролевање и на националните стереотипи и предрасуди.

Ширењето на Евролендот на останатите евро простори, по исполнувањето на строгите критериуми за прием во членство[7] се отво-

[5] Извор: СЕЛА, Светска Банка, Евростат. 1999.

[6] Од 1.01. 1999 година, кога на сила стапи заедничката монета - евро, де факто и де јуре 11 европски земји Австрија, Белгија, Германија, Финска, Франција, Ирска, Италија, Луксембург, Холандија, Португалија и Шпанија, станаа земји членки на Европската монетарна унија или, популарно, со заедничко име Евроленд.

[7] Инфлација - горна граница 2,6%; дефицит - горна граница 3,0% и државен долг - 60% од БНП.

раат големи перспективи за создавање на мега просторна економска интеграција, омеѓена од северните брегови на Медитеранот до северните брегови на Скандинавија и од западниот брег на Атлантикот до Одра и Ниса на исток, или до Урал па и понатаму, ако се реализира визијата на Шарл де Гол.

## 2. *Економската моќ на Е.У. во функција на „глобализацијата“*

Дека реализирањето на стратегиската цел на капитал-системот - *глобализација* на планетарните простори, не може да се остварува сама по себе, туку за тоа се потребни соодветно дозирани интервентни мерки од арсеналот на силите и средствата на предводничкиот стратегиски контекст (политички, економски и воени), се потврдува и на планот на имплементацијата на југоисточните евро-простори во заедничкиот европски дом. Имено, евро-стратегиската определба на *регионален пристап* во ширењето, целта не би можела да ја реализира, ако, покрај примената на политичките и воените средства, како стабилизатори на невралгичните состојби на тие простори, не би ги применила и економските средства. Покрај финансиските инјектирања од страна на ММФ и на Светката банка кои се во функција на структурно реформирање и приспособување на економиите на земјите во транзиција за фаќање на приклучок кон евро интегративниот процес, *европската* финансиска **донација** и **кредитирање** под најповолни услови, кај земјите на југо-источна Европа ја зголемија надежта дека се создаваат реални перспективи за нивно асоцирање во евро просторот. Во тој контекст, Европската донаторска конференција, одржана во Брисел на 30.03.2000 година, на земјите учеснички на Пактот за стабилност, по пат на донации или кредити со ниски камати, за реализација на проектите во рамките на Пактот (особено во доменот за развој на инфраструктурата и промовирање на демократијата), им додели вкупно 1,8 милијарди евра, од кои 500 милиони евра ѝ се доделени на Р. Македонија.

## *3. Информационо-телекомуникациските технологии како фактор на „глобализацијата“*

На средбите на претседателите и на премиерите на Е.У. и на седумте најразвиени земји (Г-7), во изминатите неколку години, преовладувале расправите за втемелување на информационото или општеството на знаење.

Информационо-телекомуникациските технологии, со брзото напредување речиси, целосно ја менуваат постојната светска структура, особено на светските економски односи, пенетрирајќи се на тој начин како моќен фактор на *либерализацијата* на светскиот економски простор, кој, од своја страна, е основниот фундамент на стратегискиот концепт - *глобализација.* Новите поими „Интернет економика“ и „жители на мрежа“ вистински ја доловуваат големината на преобразбата во предзорјето на 21 век.

На сегашниот степен на развојот се создадени предуслови за градење на нов цивилизациски контекст на живеење. Информационите технологии го преобликуваат интелектуалниот простор и време, пошироко ги развиваат умствените можности и влијаат на суштинската промена на човековите работни и животни активности. Тие особено се присутни на следните подрачја: телетруд, учење на далечина, вмрежување на универзитети и на истражувачки центри, телематски сервиси за мали и средни претпријарија, управување со патниот и со сите други сообраќаи, електронска набавка и многу други. Исто така постануваат основа на нови интеграции и мега интеграции на сите рамништа.

Развиените земји своите развојни напори ги фокусираат во правец на информативното општество, бидејќи предноста во производството и примената на информационите технологии станува стратешки значајно и е клучен показател на успешноста. Оттука, во тие држави развојот на информационите технологии силно се поддржува како од државата така и финансиски од компаниите. Се проценува дека до 2020 година над 80% од профитот во светски размери ќе се остварува во претпријатијата кои ќе се занимаваат со информациони работи.

### *4. Технолошко-економска и финансиска меѓаинѿеѓрација*

Во реализацијата на стратегискиот концепт - *ѓлобализација* на планетарниот простор, посебно значење има технолошко-економската и финансиската *меѓаинѿеѓрација* која се одвива со ненамалено темпо во последните неколку години. Од стратегиски аспект значајно е **континенталното** и **интерконтиненталното** поврзување на најмоќните мултинационални компании кои на тој начин создаваат сопствени мега империи, кои на еден или на друг начин го покриваат скоро целиот светски простор. Ако се има предвид нивната развојна (технолошка, економска и финансиска) и политичка димензија, која произлегува од нивната економска и финансиска моќ, тие се најмоќниот фундамент на ширење на капитал-системот на просторите каде што се присутни, особено на планот на пазарната економија и либералниот кодекс на односи.

Оттука, новиот светски поредок, иако е омилена тема на многу политичари, неговата форма ја одредуваат моќните мултинационални технолошки, економски и финансиски конгломерации.

За какви големини станува збор што го диктираат глобалниот светски технолошки, економски и финансиски развој, промовирајќи ја на тој начин премиерата на новиот високотехнолошки амбиент на живеење на планетарниот простор во предзорјето на новиот милениум, илустративен е податокот на банката „Мерџерстат" за 1998 година, дека вредноста на мегаинтегрирањето само во финансискиот сектор изнесувал 920 млрд.$, или 77% од вредноста на севкупните интеграции и аквизиции склучени во 1998 година. Инаку, по сектори, најголемите интеграции во 1998 година биле следните:

- на прво место бил финансискиот сектор, во кој биле реализирани две мега интеграции, помеѓу „Бенк Америка" и „Нејшонс бенк", и помеѓу „Ситикорп" и „Тревелерс";

- на второ место бил секторот на телекомуникациите, со вредност на интеграциите од 170 млрд.$;

- на трето место секторот на нафта и гас, со вредност од 154,6 млрд.$ и

- четвртото место им припаднало на интеграциите во секторот на јавните услуги и ТВ и радиостаниците, кои процентуално учествувале со 5% од вкупната вредност на сите интеграции.

Заклучно со 1999 година, најголеми поединечни светски интеграции (сите на просторот на капитал-системот) по вкупната вредност биле направени помеѓу:

| **Фирми и држави** | **Сектор** | **Вред. (млрд $)** |
|---|---|---|
| Водафон (Анг. - САД) + Манесман ( Гер.) | Мобил. тел | 185 |
| АОЛ + Тајм Ворнер | ТВ | 155 |
| МЦИ - Ворлд Ком + Спринт | Мобил. тел | 115 |
| Фајзер (САД) + Ворнер-Ламб (САД) | Фармација | 85 |
| Ексон (САД) + Мобил (САД) | Нафта | 77 |
| Ситикорп (САД) + Травелерс (САД) | Банка | 70 |

**Директните странски инвестиции** исто така претставуваат една од најповолните форми на вложувања, особено ако се има предвид дека тие сè повеќе стануваат главен развоен фактор, но и фактор на *глобализацијата* на светското стопанство. Тие придонесуваат за интернационализација на стопанските активности и за глобалното светско стопанско интегрирање, бидејќи сè поголем е бројот на фирмите кои голем дел од производството го остваруваат надвор од матичната земја.

Тоа се гледа од следните состојби и активности. Од 1991 година, кога нивната вредност изнесувала 60 милијарди долари, заклучно со 1997 година излезните странски инвестиции биле зголемени на 424 млрд.$, додека вкупните странски инвестиции во 1998 година ја достигнале вредноста од 3,5 билиони $.

Кога станува збор за механизмите, особено се значајни акциите на купување и спојување на компаниите, кои во 1998 година изнесувале три четвртини од вкупните излезни странски директни инвестиции.

Земјите кои сакаат да го привлечат овој вид на инвестиции треба да ги познаваат мотивите на вложувачите. Имено, тие првенствено се насочуваат во земјите на развиените економии и со голем пазарен

простор, а потоа во други земји зависно од инвестиционата политика на земјата „домаќин", поттикнувачките мерки за прилив на капитал, од севкупните општествени и политички состојби во земјите и други.

### 5.*Финансиската и трговската институционализираност на капитал-системот како фактор на „глобализацијата".*

*Меѓународниот монетарен фонд* (ММФ), *Светската банка* (СБ) и *Светската трговска организација* (СТО) се трите институционализирани столбови на светската финансиска и трговска моќ. Иако станува збор за „светски" институции, бидејќи, во капиталот со кој тие располагаат во најголем процент партиципираат најразвиените земји, произлегува и нивното право да ја креираат нивната политика. Оттука, овие моќни меѓународни финансиски и трговски институции фактички се институции на капитал-системот. Бидејќи без ММФ, СБ и СТО светскиот развој, во сите негови сегменти, не би бил тоа што е денес, тие истовремено се пенетрираат и како моќни инструменти на *либарализацијата на светскиот економски простор.*

Денес, основната цел на мисијата на *ММФ* е финансиско „инјектирање" во земјите кои се определиле општествено-политичкиот систем да го градат врз законитостите на капитал-системот. Мисијата ѝ овозможува на секоја земја поединечно, по пат на кредитирање, да го забрза *структурното реформирање* на постојниот систем што е основен предуслов за „фаќање приклучок" кон големото семејство на демократијата и благосостојбата. Кредитните аранжмани се обусловени од достигнатиот степен на реализација на реформите договорени помеѓу владите корисници и ММФ во рамките на нивната *макроекономската политика* (стапките на инфлацијата, порастот на бруто домашниот производ, реформите во административниот апарат, даночниот и царинскиот систем, приватизацијата...).

*Светската банка*, финансискиот капитал го „инјектира" во реализирање на договорени, пред сè, *инвестициони програми и проекти* (инфраструктура, здравство...) со земји и институции за побрз развој и надминување на сиромаштијата во одделни земји (пред сè на неразвиените и земјите во развој) и на други подрачја и региони во светот.

И покрај издвојувањата на големи средства,[8] досегашната политика на СБ не ги постигнувала очекуваните резултати, бидејќи поради рапидното зголемување на долговите на сиромашните држави[9] јазот помеѓу нив и богатите уште повеќе се зголемувал. Согледувајќи ја алармантната должничка криза, по опстојното разгледување на проблемот дека огромен дел од доделените средства ненаменски биле користени од голем број влади (купување оружје, диктатура, корупција, пренамена сл.), таа, во 1998 година донела нова програма во која ја дефинира и новата политика во доделувањето на помошта, насловена како „Процена на помошта". Програмата тргнува од два нови принципа што можат да се дефинираат како *„направи сам"* и *„постапи по наредба"*.

Во *првиот случај,* на земјата на која ѝ се доделува помошта ѝ се овозможува, врз основа на свои проекти, сама да ги потроши средствата, а во *вториот,* земјата која добила финансиска помош, а се констатира дека во рамките на економските реформи не исчекорила од договореното, таа мора да го прифати „диктатот" на донаторите - финансиите да ги потроши строго наменски според проектите (во соработка со владата) кои ќе ги направат експерти на светските финансиски организации. Новата финансиска политика на СБ содржи нова стратегиска рамка, во која, *економската помош која строго наменски ќе се користи ќе зависи од достигнатиот степен на структурните реформи засновани на законитостите на капитал-системот (курзив* Р.Н.). На тој начин, новата политика на СБ е во функција на реализирање на стратегискиот концепт - *глобализација* на планетарниот простор.

*Светската трговска организација* е најзаслужна за сегашниот степен на *глобализација и хомогенизација* на планетарниот простор, бидејќи, како една од трите фундаментални столба на глобалната економија, активно учествува во процесот на севкупниот менаџмент и развој на светското стопанство. Економските активности на тој план биле клучните фундаменти на промените кои се случувале

---

[8] Во 1991 год. помошта на најсиромашните изнесувала 75 млрд.$ (Извор: Год. извештај на СБ за 1992.)

[9] Вкупниот долг на 111 неразвиени и земји во развој во 1990 год. изнесувал 1. 340 млрд.$ а кон крајот на 20 век тој се доближил до рекордните над 1.500 млрд.$.

на светската стратегиска сцена во последната деценија на изминатиот век. Под нивно влијание не само што бил променет институционалниот амбиент на меѓународната трговија,[10] туку тоа влијаело на положбата и статусот на одделни земји на светскиот пазар. Секако, најмногу профитирале земјите кои благовремено ги прифатиле „нормите" на новиот трговскиот поредок, кој се темелел на законитостите на *либералниот пазар*.

Денес во СТО членуваат 135 земји а за членство чекаат уште триесетина, затоа што членството во СТО обезбедува, пред сè, поволен и сигурен пристап на меѓународниот пазар. Предностите од партиципирањето во СТО не се стекнуваат автоматски, туку можат да се користат толку колку што секоја земја е подготвена и способна да ги прифати правилата на СТО и да се вклучи во пазарно-трговскиот натпревар, а истовремено да го заштити сопствениот пазар. Тоа особено се однесува на земјите во развој и во транзиција, кои љубоморно го чуваат националниот економски суверенитет, бидејќи надворешната трговска и развојна политика на тие земји мора да бидат кореспондентни со глобалната политика на СБ, кореcподентност која подразбира коренити промени за многу кратко време во разни сегменти на економската политика (царини, промет на стоки, контингенти и сл.).

Глобализацијата на светската трговија е неминовен процес кој тешко може да се сопре. Од тој аспект, актуелните состојби и процеси, како и статистичките параметри на достигнатиот степен на светското економско интегрирање, го потврдуваат фактот дека СТО, заедно со ММФ И СБ, е еден од основните столбови на стратегискиот концепт на капитал-системот за *глобализација* на планетарниот простор.[11]

**Клучни зборови:** стратегија, економска интеграција, глобализација, капитал-систем.

[10] ГАТТ во 1994 година прераснува во Светска трговска организација.

[11] „Грешат тие што сакаат да ја блокираат глобализацијата плашејќи се од нејзините негативни последици. Педесетгодишното искуство покажува дека економската интеграција и политичка соработка се позитивни сили", Б. Клинтон, на Светскиот економски форум, на 29. 01.2000 во Давос по повод обидите да се блокира работата на форумот.

## SUMMARY

Radko NAČEVSKI

The most evident and impressive, as well as most powerful fundaments of globalization of planetary space, are megaintegral approaches and processes in the sphere of economy, scientific-technology and finance. From that aspect, the process of beginning of new economic order is evident. The development of global world economy is dictated by the market economy laws. It makes possible the capital sistem to expand and dominate in the world economic areas. At the same time (except political and military forces and resources) economic dimension is penetrating as the most powerful force and resource in realization of global strategic point.